Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

ИП1 бр. 29-193
Дата: 16.04.2025 година

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за градежништво трговија и услуги ДЕМАТЕЛИ ИНВЕСТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. Раштански пат бр. 12 Велес, застапувано од Дејан Мирсинов – управител. Со Записник бр. 29-193 од 14.04.2025г. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 117 став 1 точка 8 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РСМ бр. 216/21) донесе:


Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243


## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ НАРЕДУВА** на Друштвото за градежништво трговија и услуги ДЕМАТЕЛИ ИНВЕСТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. Раштански пат бр. 12 Велес:

1.1 На КП 17402 КО Велес да ја уреди површината на која е извршено натрупување на земја од сопствените градежни активности, на начин со кој:

- ќе го собере градежниот шут од парцелата и ќе го транспортира до општинската депонија за земја, шут и друг отпаден градежен материјал на општината за крајно отстранување;

- ќе ја отстрани земјата која претставува опасност да предизвика тешки последици по животната средина и здравјето на луѓето, а просторот ќе го уреди на начин на кој управувањето со отпад ќе ја има намената за пополнување и уредување на парцелата.
Рок: 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за градежништво трговија и услуги ДЕМАТЕЛИ

ИНВЕСТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. Раштански пат бр. 12 Велес.

[redacted]

Вонредниот надзор се изврши во врска со Известување со ургенција за постапување од ЕВН Груп- Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, доставена преку Државниот инспекторат за животна средина, со наводи дека "при редовна контрола на 35kV далновод до столб бр. 21 забележано е одлагање на шут и кревање на висината на подлогата на КП бр. 17402 КО Велес, насипување на столбот со оштетувања што доведуваат до намалување на механичките својства и стабилност на истиот, при што се загрозува процесот на дистрибуција на електрична енергија и се загорзува безбедноста на луѓето и имотот".

Инспекциската постапка е започната со ненајавен вонреден надзор на 14.04.2025г. во административниот простор на субјектот на надзор, а по претходен увид на парцелата наведена во Известувањето.

За утврдената фактичка состојба се изготви Записник за констатација со бр. 29-193 од 14.04.2025 година.

Субјектот на надзор ДЕМАТЕЛИ ИНВЕСТ ГРУП Велес врши дејност Изградба на станбени и нестанбени згради. Од вршењето на дејноста, при спроведување на градежните активности на објектите, субјектот вишокот на земја како инертен отпад преку ангажирање на подизведувач го депонирал КП17402 КО Велес, која е во негова сопственост. На парцелата е извршено насипување на големи количини земја, а при надзорот се констатира дека на парцелата има депонирано и отпад од градење и рушење. На оваа парцела се наоѓа далекувод со кој управува ЕВН-Електродистрибуција Скопје, кој е подносител на иницијативата за инспекциска постапка, од причина што насипот од земја го затрупал далноводот во неговата основа.

При надзорот се констатира дека инертниот отпад од вршење на дејноста, субјектот на надзор го користи за пополнување и насипување на имот во негова приватна спотвеност, на начин небезбеден за околината и спротивен на Законот за управување со отпадот.

Согласно член 6 став 1 точка 40 од Законот за управување со отпадот: "Пополнување и насипување е секоја операција за преработка на отпад кога соодветниот отпад се користи за пополнување на ископини на земјата или за инженерски цели во уредување на пејсажот или изградба, наместо употреба на други не-отпадни материјали кои инаку би биле користени за таа цел".

Со превземените активности, субјектот на надзор постапил спротивно на член 7 - Начело за заштита на животната средина при управување со отпадот кое утврдува дека: При преземањето на одредени дејности или активности во врска со управувањето со

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

[redacted]

отпадот, правните и физичките лица се должни да обезбедат висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето, спротивно на член 37 став 1 точка 1) кој утврдува дека: Управувањето со отпадот мора да се изведува со должно внимание и на начин со кој се избегнува загрозувањето на животната средина, животот и здравјето на луѓето, како и точка 6) нагрденост и неуреденост на просторот во подрачјето надвор од урбаните зони.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 116, став 1 точка 8, а врз основа на член 117 став 1 точка 8 од Законот за управување со отпадот, Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен прекршочен орган.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.
Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административна такса и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 29-193, на ден 16.04.2025г.

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор